**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва и Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (МКТ/Друштвото) и врз основа на Предлогот на Одборот на директори 59/2017 за усвојување на Одлука за измени на Статутот на Друштвото (Арх.бр. 442548/1 од 06.12.2017 година), Собранието на Друштвото на својата седница одржана на ден 10.01.2018 година, ја донесе следната

# Предлог Одлука
## за измени на Статутот на Друштвото

### Член 1

За цели на поефикасно секојдневно работење на Друштвото, Собранието на Друштвото ги врши следните измени на Статутот на Друштвото:

**Во Член 25 од Статутот, точката 25.3 се менува и гласи:**

„25.3 Рокот којшто тече од денот на испраќањето на поканата за учество на Собранието до денот на одржувањето на Собранието не може да биде пократок од триесет (30) дена до денот на одржувањето на Собранието.“

**Во член 44 од Статутот, точката 44.4 се менува и гласи:**

„44.4 Доколку Извршните членови не можат да се согласат во најкраток можен рок за прашање кое им е дадено во надлежност, Главниот извршен директор ќе има право и обврска конечно да одлучи за таквите прашања.“

**Во член 47 од Статутот, точката 47.2 се менува и гласи:**

„47.2 Потпишувањето во име на Друштвото на договори, спогодби и други правни дела со кои Друштвото презема обврски ќе се врши заеднички со два потписа. Прв потписник е Главниот извршен директор, а втор потписник е Главниот оперативен директор. Во случај на несогласување помеѓу Извршните членови кое не може да се реши помеѓу нив во најкраток можен рок, Главниот извршен директор ќе биде единствен потписник и ќе има право и обврска да потпише.“

**Член 70 се менува и гласи:**

„70.1 Пречистениот интегрален текст на Статутот ќе се применува од 10 јануари 2018 година.“

### Член 2

Сите останати одредби од Статутот на Друштвото, кои не се изменети со Одлуката за измени на Статутот на Друштвото, остануваат во сила.

**Член 3**

Согласно Законот за трговски друштва, Собранието го овластува Претседателот на Одборот на директори да го потпише пречистениот интегрален текст на Статутот на Друштвото, подготвен од страна на Одборот на директори.

**Член 4**

Се обврзуваат и овластуваат Извршните членови на Одборот на директори во функција на Главен извршен директор и Главен оперативен директор на Друштвото да ги превземат сите потребни дејствија за спроведување на оваа Одлука за упис во Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното усвојување со 2/3 од акциите со право на глас во Собранието, а ќе се применува од 10 јануари 2018 година.

**Собрание**
**Претседавач**